## ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

# ПРОГРАМА

**За екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од I-IX одделение**

# ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**во учебната 2025/26 година**



**Драслајца, август 2025**

**ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга**

# План на ученичките екскурзии

# на ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**во учебната 2025/26 година**

| Реализација | Одделение | Време на изведување | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет – Драслајца - Наколно живеалиште „Град на вода“, Охрид | I-IX | октомври 2025 | 197 |
| Еднодневен пролетен излет - Драслајца - Дебар – Манастир Рајчица | IV-IX | мај 2026 | 131 |
| Еднодневен пролетен излет - Драслајца – с. Калишта - Струга | I-III | мај 2026 | 66 |
| Еднодневна ексурзија – Драслајца – Битола – Прилеп | III | мај 2026 | 23 |
| Дводневна екскурзија - Драслајца – Скопје – Крива Паланка – Пробиштип – Прилеп – Битола - Драслајца | VI | октомври 2025 | 20 |
| Тридневна екскурзија - Драслајца – Скопје Крива Паланка- Кратово – Штип Штип – Струмица - Драслајца | IX | октомври 2025 | 17 |

# ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ**
**во есен за учениците од I до IX одделение во учебната 2025-2026 година**

**Регион**: Охрид - Музеј на вода - Наколна населба во Заливот на Коските

**Време на реализација**: Месец октомври 2025 година

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Да истражуваат објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; (живеалишта изградени на вода, поинаков начин на живот - учениците да се запознаат со животот и културата на луѓето од едно друго време, да ги споредат животните услови и алатките од минатото со денешните);
- Да развијат разбирање за значењето на археолошките наоѓалишта и музеите како извори на знаење за минатото;
- Да научат за важноста на заштитата и зачувувањето на културното наследство;
- Да развијат љубопитност и интерес за историјата и културното наследство;
- Да воспостават, развијат и негуваат пријателство низ заеднички прошетки, друштвени игри, рекреација и забава;
- Да се поттикнуваат на соработка и културно однесување за време на едукативни посети;
- да развиваат интерес за природата, да градат позитивен однос кон природата и да ја почитуваат (користениот простор да остане чист и уреден);
- да развиваат позитивен однос и естетска перцепција преку набљудување на автентични реконструкции.

**СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ:**

- Набљудување на околината на локалитетот, палафитна (налокна);
- Посета на објектот со музејски витрини и објект за реализација на подводен туризам;
- Рекреативни активности соодветни на возраста и интересот на учениците;
- Одмор и релаксација со ужина и слушање музика.

# ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**ОПИС НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПОСЕТАТА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „МУЗЕЈ НА ВОДА – НАКОЛНА НАСЕЛБА“:**

1. **Набљудување на околината на локалитетот**

– Запознавање со природното опкружување, морфологија на теренот и архитектурата на палафитната (наколна) населба.

2. **Посета на музејскиот објект**

– Разгледување на музејските витрини со археолошки предмети.
– Кратка презентација за подводната археологија и можностите за подводен туризам.

3. **Групни прошетки**

– Организирана прошетка со водство од наставници, со акцент на безбедно движење и културно однесување во природа.

4. **Рекреативни активности прилагодени на возраста и интересите на учениците**

– Игри и спортски активности на отворено, под надзор на наставниците по физичко и здравствено образование и одделенските раководители.

5. **Одмор и релаксација**

– Време за ужина, дружење и слушање музика во природна и опуштена атмосфера.

**РАКОВОДИТЕЛ:**

- Одговорен наставник на излетот е наставникот Златко Анѓелкоски раководител на излетот и одделенски раководител;

**НАСТАВНИЦИ:**

- сите одделенски раководители од I до IX одд. и останати наставници од централното училиште „Свети Климент Охридски“, Драслајца, и подрачните училишта - ПУ Мороишта, ПУ Ложани и ПУ Бицево;

**УЧЕНИЦИ:**

- учениците од I до IX одд. од централното училиште „Свети Климент Охридски“, Драслајца. и подрачните училишта ПУ Мороишта, ПУ Ложани, ПУ Бицево.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИЗЛЕТОТ:**

Во текот на еден работен ден.

# ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:**

Непосредно по реализирањето на излетот, одговорниот наставник во соработка со другите присутни наставници подготвува наративен извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги. Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на излетот се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И РАЗГЛЕДУВАЊЕ:**

- **палафитната (наколна) населба;**
- **музејскиот објект**
- **Охридско Езеро**

**ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ: Драслајца - Охрид – Залив на коските „Музеј на вода“ – Охрид - Драслајца**

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

**Ученикот е должен:**

- Да ги почитува законите на Република Северна Македонија.
- Да го претставува достоинствено своето училиште, наставниците, родителите и својот град.
- Да ги слуша и почитува насоките на наставниците и придружниот персонал.
- Да се однесува учтиво, културно и со почит кон сите учесници во активноста.
- Да се грижи за сопствената и безбедноста на другите.

**Забрането е:**

- Консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанции.
- Насилно, агресивно или навредливо однесување, вклучувајќи физичко и психичко вознемирување.
- Нарушување на јавниот ред и мир.
- Нанесување материјална штета на објекти, превозни средства или природа.
- Оддалечување од групата без одобрение од одговорните наставници.

**Непочитување на Кодексот може да резултира со дисциплински мерки, вклучително и прекин на учеството во активноста и известување на родителите.**

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

Излетот го организира ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга, со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, излети и другите вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Постапката за избор на правен субјект за изведување на екскурзиите и трошоците за објавување на огласот се на сметка на училиштето.

Излетот ќе се реализира со средства од родителите.

# ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ**
**во пролет за учениците од I до III одд. во учебната 2025-2026 година**

**Регион**: Драслајца – с. Калишта - Струга

**Време на реализација**: мај 2026 година

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:

- Да се запознаат со природните убавини и културно-историското наследство на регионот
- Да развиваат љубов и почит кон природата преку набљудување на растителниот и животинскиот свет во природна средина.
- Да ги продлабочат знаењата од наставните содржини преку директно доживување и практични активности на терен.
- Да развиваат социјални и комуникациски вештини преку заеднички игри, групна работа и меѓусебна соработка.
- Да го јакнат тимскиот дух и пријателството меѓу учениците од различни одделенија.
- Да усвојуваат навики за културно и одговорно однесување на јавни места и во природа.
- Да ги развиваат физичките способности преку пешачење, спортски активности и игри на отворено.
- Да рзвиваат чувство на припадност кон својата заедница и почитување на локалната култура.

## СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ:

- Запознавање на учениците со патеката и целите на излетот.
- Краток разговор за правилата за безбедно и културно однесување.
- Запознавање со особеностите на селото Калишта.
- Фотографирање и бележење на интересни детали.
- Разгледување на манастирскиот комплекс и пештерната црква.
- Кратка едукативна приказна за значењето на иконите и манастирскиот живот.
- Разговор за зачувување на културното наследство.
- Здружено седење и споделување на импресии од утринските активности.
- Поттикнување на култура на заедничко јадење.
- Натпревари во трчање, влечење јажиња, скокање во ќесе и други тимски игри.
- Поттикнување на фер-плеј и тимска соработка.
- Кратко раскажување или пишување на впечаток од виденото.
- Собирање природни материјали (листови, камчиња) за училишен пано.
- Набљудување на растителниот и животинскиот свет.
- Разговор за значењето на езерото и заштитата на екосистемот.
- Споделување на најинтересниот момент од денот.
- Кратка евалуација со учениците за тоа што научиле и што им се допаднало.

## ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**ОПИС НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПОСЕТАТА НА С. КАЛИШТА**

- Наставниците ги запознаваат учениците со просторот и најважните точки за посетување.
- Потсетување на правилата за однесување во свети објекти (тишина, почитување на светилиштето, без трчање).
- Посета на црквата врежана во карпа, запознавање со нејзината старост и значење.
- Објаснување на симболите и значењето на иконите од страна на наставник или локален водич.
- Набљудување на иконописот и фреските.
- Кратка приказна за животот во манастирот низ вековите.
- Разгледување на манастирската градина и околните дрвја и растенија.
- Поттикнување на учениците да забележат и именуваат различни растителни видови.
- Групна фотографија пред манастирот.

**ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК, ДРУГИ ВКЛУЧЕНИ НАСТАВНИЦИ; РАКОВОДИТЕЛ:**

- Одговорен наставник на излетот е наставникот Јованка Спасеска, раководител на излетот и одделенски раководител;

**НАСТАВНИЦИ:**

- Сите одделенски раководители од I до III одд. и останати наставници од централното училиште „Свети Климент Охридски“, Драслајца, и подрачните училишта - ПУ Мороишта, ПУ Ложани и ПУ Биџево;

**УЧЕНИЦИ ВКЛУЧЕНИ ВО АКТИВНОСТА;**

- ученици од I до III одд. од централното училиште „Свети Климент Охридски“, Драслајца. и подрачните училишта ПУ Мороишта, ПУ Ложани, ПУ Биџево

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИЗЛЕТОТ:**

Во текот на еден работен ден.

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:**

Непосредно по реализирањето на излетот, одговорниот наставник во соработка со другите присутни наставници подготвува наративен извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на излетот се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

## ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И РАЗГЛЕДУВАЊЕ:

- Село Калишта;
- Црквата врежана во карпа;
- Црквата „Света Богородица“
- Брегот на Охридското Езеро.

## ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:

- Драслајца - Калишта – Драслајца

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

**Ученикот е должен:**

- Да ги почитува законите на Република Северна Македонија.
- Да го претставува достоинствено своето училиште, наставниците, родителите и својот град.
- Да ги слуша и почитува насоките на наставниците и придружниот персонал.
- Да се однесува учтиво, културно и со почит кон сите учесници во активноста.
- Да се грижи за сопствената и безбедноста на другите.

**Забрането е:**

- Консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанции.
- Насилно, агресивно или навредливо однесување, вклучувајќи физичко и психичко вознемирување.
- Нарушување на јавниот ред и мир.
- Нанесување материјална штета на објекти, превозни средства или природа.
- Оддалечување од групата без одобрение од одговорните наставници.

**Непочитување на Кодексот може да резултира со дисциплински мерки, вклучително и прекин на учеството во активноста и известување на родителите.**

## ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:

Излетот го организира ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга, со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, излети и другите вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Постапката за избор на правен субјект за изведување на екскурзиите и трошоците за објавување на огласот се на сметка на училиштето.

Излетот ќе се реализира со средства од родителите**.**

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ во пролет за учениците од IV до IX одд. во учебната 2025-2026 година**

**Регион**: Дебар – Манастир Рајчица

**Време на реализација**: мај 2026 година

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Да истражуваат објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; (значењето на Манастирот Св. Георгиј Победоносец – Рајчица како верски, културен и историски споменик.);
- Да развијат свест за значењето на православната традиција во националниот и духовниот идентитет;
- Да научат за важноста на заштитата и зачувувањето на културното наследство;
- Да развијат љубопитност и интерес за занаетчиската работа во манастирот (изработка на архиерејски венци, ракотворби и икони);
- Да воспостават, развијат и негуваат пријателство низ заеднички прошетки, друштвени игри, рекреација и забава;
- Да ги прошируваат своите знаења за географските и природни особености на дебарскиот регион;
- Да се поттикнуваат на соработка и културно однесување за време на едукативни посети, почитување на верските, културните и духовните вредности;
- Поттикнување на позитивно однесување во група: почитување на ред, тишина и соработка за време на посетата;
- да развиваат интерес за природата, да градат позитивен однос кон природата и да ја почитуваат (користениот простор да остане чист и уреден);
- да развиваат позитивен однос и естетска перцепција преку набљудување на автентични градби, чувство на благодарност, скромност и внатрешен мир преку посета на свето место.

**СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ:**

- Набљудување на манастирскиот комплекс и природната околина; запознавање со историјата и значењето на манастирот.
- Посета на црквата и поклонение пред моштите на Св. Георгиј Победоносец.
- Разгледување на манастирската работилница (архиепископски венци, икони) и слушање кратко излагање за монашкиот живот.
- Групна прошетка низ манастирскиот двор и околните патеки, со водство и објаснување од наставниците.
- Рекреативни активности во природа – игри и движење прилагодени на возраста на учениците, во соработка со наставниците по физичко и одделенските раководители.
- Одмор и релаксација на одредено место во природа – ужина, дружење и слушање тивка музика.
- Групно фотографирање и споделување впечатоци од посетата.
- Организиран повраток со евалуација на доживувањето од страна на учениците.

**ОПИС НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПОСЕТАТА НА ДЕБАР – МАНАСТИР РАЈЧИЦА**

1. **Набљудување на манастирскиот комплекс** и запознавање со неговата историја и значење (За време на посетата, учениците имаа можност да го набљудуваат манастирскиот комплекс, да се запознаат со неговата историја и духовно значење)
2. Групна прошетка низ дворот и околината на манастирот со објаснување за архитектурата и монашкиот живот (при што учениците ќе добијат информации за архитектурата, верските обичаи и монашкиот живот).
3. Рекреативни активности прилагодени на возраста и интересот на учениците, под водство на наставници.
4. Одмор и релаксација со ужина, дружење и слушање музика во мирна атмосфера.

**ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК, ДРУГИ ВКЛУЧЕНИ НАСТАВНИЦИ; РАКОВОДИТЕЛ:**

- Одговорен наставник на излетот е наставникот Мирче Лазоровски раководител на излетот и одделенски раководител;

**НАСТАВНИЦИ,**

- сите одделенски раководители од I до IX одд. и сите наставници од централното училиште „Свети Климент Охридски“, Драслајца, и подрачните училишта - ПУ Мороишта, ПУ Ложани и ПУ Бицево;
-

**УЧЕНИЦИ:**

- учениците од I до IX одд.  од централното училиште „Свети Климент Охридски“, Драслајца. и подрачните училишта ПУ Мороишта, ПУ Ложани, ПУ Бицево

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИЗЛЕТОТ:**

- Во текот на еден работен ден.

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА:**

Непосредно по реализирањето на излетот, одговорниот наставник во соработка со другите присутни наставници подготвува наративен извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги. Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на излетот се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И РАЗГЛЕДУВАЊЕ:**

- Манастирскиот комплекс „Рајчица“
- Црквата Св. Георгиј Победоносец.

**ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:**

- Драслајца – Дебар - Манастир Рајчица - Дебар - Драслајца

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ**

**Ученикот е должен:**

- Да ги почитува законите на Република Северна Македонија.
- Да го претставува достоинствено своето училиште, наставниците, родителите и својот град.
- Да ги слуша и почитува насоките на наставниците и придружниот персонал.
- Да се однесува учтиво, културно и со почит кон сите учесници во активноста.
- Да се грижи за сопствената и безбедноста на другите.

**Забрането е:**

- Консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанции.
- Насилно, агресивно или навредливо однесување, вклучувајќи физичко и психичко вознемирување.
- Нарушување на јавниот ред и мир.
- Нанесување материјална штета на објекти, превозни средства или природа.
- Оддалечување од групата без одобрение од одговорните наставници.

**Непочитување на Кодексот може да резултира со дисциплински мерки, вклучително и прекин на учеството во активноста и известување на родителите.**

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

Излетот го организира ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга, со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, излети и другите вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Постапката за избор на правен субјект за изведување на екскурзиите и трошоците за објавување на огласот се на сметка на училиштето.

Излетот ќе се реализира со средства од родителите.

# ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈА**
**за учениците од III одделение во учебната 2025/2026 година**

**Регион:** Битола – Прилеп
**(**Битола – Национален парк „Пелистер“, Хераклеа, Зоолошка градина, железничка и автобуска станица, патување со воз до Прилеп, посета на Манастир Св. Архангел Михаил и Маркови Кули)

**Време на реализација:** месец мај 2026 година.

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Да се запознаат со природните богатства на Националниот парк Пелистер и неговото значење за екологијата;
- Да стекнат знаења за античкото минато преку посета на археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис.
- Да го прошират своето познавање за диви животни и нивната заштита преку посетата на Зоолошката градина.
- Да се запознаат со функционирањето на железничкиот и автобускиот сообраќај како дел од јавниот транспорт.
- Да искусат патување со воз како практичен начин за движење и запознавање со други градови.
- Да научат за културно-историското значење на Манастирот Св. Архангел Михаил и Маркови Кули во Прилеп.
- Поттикнување љубопитност, интерес за истражување и проширување на знаењата преку теренска настава.
- Развивање чувство за одговорност, дисциплина и соработка во група за време на патување и посета.
- Поттикнување љубов и грижа кон природата и животните, преку контакт со живи организми и животна средина.
- Јакнење на културната свест и почитување на културно-историското наследство на нашата земја.
- Стекнување навики за културно однесување во јавен простор, музеи, свети места и во транспортни средства.

# ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ:**

- **Набљудување на природната околина во Националниот парк Пелистер**
  Учениците набљудуваат флора и фауна, се запознаваат со Пелистерската молика и значењето на заштитените подрачја. Ќе се запознаат со богатството на растителниот и животинскиот свет во Националниот парк „Пелистер“. Ќе набљудуваат ендемични растенија, како моликата – симболот на Пелистер, како и различни видови птици, инсекти и мали животни. Ќе научат за значењето на заштитата на природата, за улогата на шумите во одржување на чист воздух и вода, како и за важноста на екосистемите во паркот. Преку директно доживување, ќе развијат љубов и почит кон природната средина.
- **Посета на археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис**
  Организирано разгледување на античките мозаици, амфитеатарот и другите значајни остатоци од римскиот и византискиот период. Ќе се запознаат со богатата историја на овој антички град основан од кралот Филип II Македонски. Ќе разгледаат делови од старите градби, амфитеатарот и прочуените мозаици, запознавајќи се со нивната уметничка и културна вредност. Преку раскажување и визуелно набљудување, ќе научат за животот во античко време, занаетите, трговијата и значењето на Хераклеа како важен културен и трговски центар. Ова искуство ќе им помогне да развијат чувство за историското наследство и неговата заштита.
- **Посета на Зоолошката градина во Битола**
  Набљудување на животни од различни климатски подрачја; разговор за нивната заштита и условите за чување. Ќе имаат можност да набљудуваат различни видови животни од домашното и светското живеалиште – цицачи, птици, влекачи и водни животни. Ќе се запознаат со нивните главни карактеристики, начин на исхрана и живеалиште, како и со потребата од нивна заштита. Преку непосредно гледање и објаснувања, ќе научат како човекот може да придонесе за грижата и хуманото однесување кон животните. Оваа посета ќе ја поттикне љубопитноста, љубовта кон животинскиот свет и одговорноста за зачувување на биодиверзитетот.
- **Посета на железничката и автобуската станица**
  Запознавање со основните функции и организација на јавниот транспорт, со посебен осврт на железничкиот сообраќај. Ќе се запознаат со изгледот, организацијата и функционирањето на железничката и автобуската станица. Ќе набљудуваат како се продаваат билети, како се најавуваат пристигнувањата и поаѓањата на возовите и автобусите, како и улогата на вработените во обезбедување на безбеден и уреден превоз. Ќе научат за различните видови превоз, нивната важност за поврзување на градовите и патувањето на луѓето и стоките. Посетата ќе придонесе за развивање на сообраќајна култура, почитување на правилата и безбедно однесување во близина на сообраќајни средства
- **Патување со воз од Битола до Прилеп**
  Учениците доживуваат реална ситуација на патување со воз, со акцент на безбедност, културно однесување и точност. Ќе доживеат автентично искуство на патување со воз, запознавајќи се со неговата внатрешна организација и начинот на функционирање. Ќе имаат можност да ги набљудуваат пругите, железничките станици по патот и природните предели низ кои минува возот. Ќе научат за значењето на железничкиот сообраќај за луѓето и економијата, како и за правилата за безбедно однесување при влез, излез и престој во возот. Ова патување ќе им овозможи да развијат чувство за одговорност и почитување на јавниот превоз, додека уживаат во уникатното доживување на патувањето по шини.
- **Посета на Манастирот „Св. Архангел Михаил“ во Прилеп**
  Разгледување на манастирскиот комплекс и разговор за духовното и културното значење на манастирите. Ќе се запознаат со духовното и културното значење на манастирот, кој е сместен под Марковите Кули. Ќе разгледаат дел од манастирскиот комплекс, ќе ја набљудуваат архитектурата, фреските и иконите, а преку кратко раскажување ќе дознаат за историјата на манастирот и неговата улога во минатото. Посетата ќе биде и можност за разговор за важноста на

верските објекти, почитувањето на традициите и зачувувањето на културното наследство. Ова искуство ќе поттикне кај учениците чувство на почит, духовна култура и љубов кон историските вредности.

- **Групна прошетка и набљудување на Маркови Кули**
  Учениците ја посетуваат оваа значајна природна и историска локација, каде добиваат информации за нејзината важност и легенди. Ќе имаат можност да прошетаат во близина на Марковите Кули — значајно историско и архитектонско обележје на Прилеп. Преку набљудување на кулите и нивната околина, ќе научат за важноста на оваа тврдина во заштитата на градот и за нејзината улога во минатите векови. Прошетката ќе ги поттикне учениците да развиваат љубов кон историското наследство и да почитуваат важни национални симболи.
- **Рекреативни активности и одмор**
  Организирана ужина, одмор и релаксација во природа, со кратки игри прилагодени на возраста. Ќе имаат можност да се релаксираат и да се забавуваат преку организирани рекреативни игри и активности на отворено. Во пријатна и безбедна средина, ќе учествуваат во тимски игри како влечење јаже, трка во ќесе, фудбал или други спортски активности кои поттикнуваат соработка и фер-плеј. Одморниот дел ќе им овозможи да ја обноват енергијата за следните активности. Овие моменти се важни за развивање на позитивни социјални односи, подобрување на физичката кондиција и создавање пријатна атмосфера меѓу учениците.
- **Споделување впечатоци и групно фотографирање**
  Учениците дискутираат за наученото, изразуваат впечатоци и се фотографираат за спомен. Ќе имаат можност да ги споделат своите впечатоци, искуства и најинтересните моменти од денот. Ова ќе биде организирана дискусија каде секој може да каже што му се допадна, што научи и што би сакал да види повторно. По споделувањето, ќе се направи групно фотографирање како спомен на заедничкиот излет и доживување. Оваа активност ја зајакнува комуникацијата, создава позитивни спомени и го поттикнува чувството на припадност кон групата.

**ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК, ДРУГИ ВКЛУЧЕНИ НАСТАВНИЦИ:**

**РАКОВОДИТЕЛ:**

- Раководител на екскурзија: Јованка Спасеска;

**НАСТАВНИЦИ**:

- Одделенски наставници на трето одделение од централното училиште „Свети Климент Охридски“, Драслајца и подрачните училишта ПУ Мороишта, ПУ Ложани, ПУ Биџево;

**УЧЕНИЦИ:**

- Учениците од трето одделение од централното училиште „Свети Климент Охридски“, Драслајца и подрачните училишта ПУ Мороишта, ПУ Ложани, ПУ Биџево

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

- Во текот на еден работен ден.

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА**

Непосредно по реализирањето на екскурзијата, се дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на екскурзијата се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И РАЗГЛЕДУВАЊЕ:**

- Национален парк Пелистер
- градот Битола;
- археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис
- Зоолошката градина во Битола
- железничка и автобуска станица
- Манастир Св. Архангел Михаил – Прилеп
- Маркови Кули

**ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

- Драслајца – Битола – Прилеп - Драслјца

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ**

**Ученикот е должен:**

- Да ги почитува законите на Република Северна Македонија.
- Да го претставува достоинствено своето училиште, наставниците, родителите и својот град.
- Да ги слуша и почитува насоките на наставниците и придружниот персонал.
- Да се однесува учтиво, културно и со почит кон сите учесници во активноста.
- Да се грижи за сопствената и безбедноста на другите.

**Забрането е:**

- Консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанции.
- Насилно, агресивно или навредливо однесување, вклучувајќи физичко и психичко вознемирување.
- Нарушување на јавниот ред и мир.
- Нанесување материјална штета на објекти, превозни средства или природа.
- Оддалечување од групата без одобрение од одговорните наставници.

**Непочитување на Кодексот може да резултира со дисциплински мерки, вклучително и прекин на учеството во активноста и известување на родителите.**

# ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Излетот го организира ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга, со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, излети и другите вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Постапката за избор на правен субјект за изведување на екскурзиите и трошоците за објавување на огласот се на сметка на училиштето.

Излетот ќе се реализира со средства од родителите.

## ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**ПРОГРАМА ЗА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ**
**во учебната 2025/2026 година**

**Регион**: Полошки – Скопски – Североисточен – Источен - Пелагониски  извор на реката Треска; Гостивар – изворот на реката Вардар, Скопје кањонот „Матка“; Куманово – Опсерваторија „Кокино“и Човеков камен; Крива Паланка – Манастир „Свети Јоаким Осоговски“ спомен костурница, тврдина; Пробиштип – манастир „Свети Гаврил Лесновски“; Прилеп Маркови кули; Битола Хераклеа

**Време на реализација:** мај 2026 година

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Развивање љубов кон татковината преку запознавање со нејзините природни убавини и културно-историско наследство.
- Поттикнување на одговорно однесување при посета на јавни простори и зачувување на животната средина.
- Развивање соработка, другарство и почит кон различности преку групна активност и дискусии.
- Поттикнување љубопитност и почит кон природата
- Стекнување практични сознанија преку теренско учење и непосредно набљудување.
- Учениците да го лоцираат и опишат изворот на најголемата македонска река.
- Да разберат како настануваат и се формираат изворите на реките.
- Да развијат еколошка свест за важноста на водните извори.
- Да научат за хидрографијата на Полошкиот регион.
- Да се запознаат со геолошки форми (кањон, пештери) и биолошката разновидност.
- Да го разберат значењето на Матка како туристичка дестинација и еколошка оаза
- Да споредуваат извори на различни реки по нивна големина и значење.
- Да разберат што претставува археоастрономија и зошто Кокино е значајно светско културно наследство.( како луѓето во минатото (особено во праисторијата и античките времиња), ја набљудувале и ја користеле астрономијата, за да го разберат светот околу себе – Сонцето, Месечината, ѕвездите и годишните времиња.)
- Да се запознаат со значењето на манастирите во духовниот и културниот развој.
- Да научат за настаните од Втората светска војна преку посета на спомен-костурницата.
- Да научат за животот и делото на св. Гаврил Лесновски и значењето на манастирот во средниот век.
- Да се запознаат со средновековната историја и легендите за Крал Марко.
- Да научат за тврдини и нивната одбранбена функција.
- Да научат за античките градови на територијата на Македонија.
- Да ги препознаваат архитектонските елементи на римска култура (театар, мозаик, бањи).
- Развивање на почит кон археолошките локалитети и нивно заштитување.

## ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

- Учениците да се запознаат со извори на реки, природни реткости, археолошки локалитети, духовни центри и историски споменици. Активностите се спроведуваат теренски и се поврзуваат со наставните содржини од природни науки, географија, историја и граѓанско образование. Акцент се става на теренско учење, еколошка едукација, културна свест и другарство.
- Учениците ќе имаат можност да ја истражат природната, културната и историската разновидност на Македонија преку живо и интерактивно учење на терен. Првиот ден започнува со посета на изворот на реката Вардар кај Гостивар, каде учениците ќе ја набљудуваат природната појава на извор и ќе научат како настануваат и течат реките. Потоа ќе се упатат кон изворот на реката Треска, каде низ прошетка низ природата ќе се разговара за важноста на чистите водни извори и нивната улога во екосистемот.
- Следната дестинација е кањонот Матка – природна реткост и еколошка оаза. Тука учениците ќе можат да уживаат во природната убавина, а со возење со чамец до пештерата Врело ќе откријат како природните услови создале уникатни геолошки форми и живеалишта за ретки животински видови. Посетата ќе биде искористена за разговор за заштита на природата, еко-свесност и одржлив туризам.
- По ручекот, патувањето продолжува кон североистокот, каде учениците ќе го посетат мегалитскиот локалитет Кокино. На оваа древна опсерваторија ќе се запознаат со археоастрономијата – како луѓето во минатото го набљудувале небото за да ги разберат природните циклуси. Ќе имаат можност да се постават на „набљудувачки точки“ и да замислат како старите цивили го следеле Сонцето и времето. Во близина ќе се запознаат и со „Човеков камен“, споменик од праисториски карактер кој ја буди љубопитноста за животот пред илјадници години.
- По пристигнувањето во Крива Паланка и сместувањето, вечерта е посветена на заедничка едукативна игра и дружење. Активноста „Патот на водата“ ќе им помогне на учениците низ забавна игра да ги повторат посетените локации и да ги поврзат со природните појави и значења што ги научиле во текот на денот.
- Вториот ден започнува со посета на манастирот „Св. Јоаким Осоговски“, каде учениците ќе се запознаат со значењето на манастирите како духовни и културни центри. Ќе прошетаат низ манастирскиот комплекс и ќе имаат кратка креативна задача – да нацртаат архитектонски елемент кој им се допаднал или да запишат мисла за спокојот што го доживеале таму.
- Потоа ќе ја посетат спомен-костурницата и тврдината, каде на едноставен и чувствителен начин ќе се разговара за значењето на историјата, слободата и сеќавањето на минатото. Патувањето продолжува кон Пробиштип, каде учениците ќе го посетат манастирот „Св. Гаврил Лесновски“, еден од најзначајните духовни објекти во источниот дел на земјата. Тука ќе дознаат повеќе за средновековните личности и нивниот придонес кон писменоста и духовноста.
- Во попладневните часови, групата ќе се упати кон Прилеп, каде ги очекува авантура на искачување до Марковите кули. Преку приказни и легенди, учениците ќе се запознаат со фигурата на Крал Марко и важноста на овие тврдини. Екскурзијата ќе заврши во античкиот град Хераклеа Линкестис во Битола, каде учениците ќе шетаат низ остатоците од римскиот театар и мозаици, слушајќи за животот во античко време и улогата на Битола како град со длабоки историски корени.

- На крајот од денот, секој ученик ќе добие краток работен лист на кој ќе ги запише своите впечатоци, ќе нацрта или опише највпечатлив момент од екскурзијата. Враќањето дома ќе биде збогатено со кратка заедничка рефлексија и дружење во автобусот.

**РАКОВОДИТЕЛ:**

- Раководител на екскурзија: Николина Мирјаноска - одделенски раководител во шесто одделение;

**НАСТАВНИЦИ:**

- Сања Котевска Клечкароска – одделенски раководител во шесто одделение;

**УЧЕНИЦИ:**

- Ученици од VI одделение

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

- Дводневна екскурзија со едно ноќевање (мај 2026 година).

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА**

Непосредно по реализирањето на екскурзијата, се дава извештај за реализација на воспитно-образовните цели во вид на рефлексија и истиот се објавува на веб страната на училиштето, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на екскурзијата се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И РАЗГЛЕДУВАЊЕ:**

- Полошки – Скопски – Североисточен – Источен - Пелагониски регион;
- Гостивар – изворот на реката Вардар, извор на реката Треска; Скопје кањонот „Матка“;
- Куманово –Опсерваторија „Кокино“и Човеков камен;
- Крива Паланка – Манастир „Свети Јоаким Осоговски“ спомен костурница, тврдина;
- Пробиштип – манастир „Свети Гаврил Лесновски“;
- Прилеп Маркови кули;
- Битола Хераклеа

# ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:**

- **ДЕН 1 –** Полошки / Скопски: Драслајца – Гостивар – Скопје – Куманово – Крива Паланка
- **ДЕН 2 –** североисток / исток / Пелагонија: Пробиштип – Прилеп – Битола – Драслајца

## ДЕН 1 – ПОЛОШКИ / СКОПСКИ

**08:00 – Поаѓање од училиштето** Инструкции за патувањето, безбедност и очекувања, патни игри и квизови за раздвижување
**09:00 – Гостивар – Извор на реката Вардар,** го идентификуваат изворот на најдолгата македонска река, кратка прошетка и објаснување за хидрографијата
Траење: 30 минути
**10:30 – Извор на реката Треска,** Запознавање со природни извори и нивната важност, набљудување и фотографирање
Траење: 30 минути
**12:00 – Кањон Матка (Скопје),** да се разбере формирањето на кањони, пештери и биодиверзитетот, посета на пештера „Врело“ со чамец, оброк во природа (ланч-пакет)
Траење: 2 часа
**15:00 – Поаѓање кон Куманово (Кокино),** панорамско возење и едукативен квиз
**16:30 – Опсерваторија „Кокино“ и Човеков камен**, запознавање со древните астрономски набљудувања, водено разгледување и замислено „набљудување на ѕвезди“
Траење: 1 час
**18:00 – Пристигнување во Крива Паланка / Сместување, п**оделување соби, вечера, вечерни активности
**20:00 – Вечерна едукативна работилница/игра:** „Патот на водата“ – кратка игра со мапи
Повторување на локациите и наученото низ забава
**22:00 – Одмор / Ноќевање**

---

## ДЕН 2 – СЕВЕРОИСТОК / ИСТОК / ПЕЛАГОНИЈА

**08:00 – Појадок и подготовка за поаѓање**
**09:00 – Манастир „Св. Јоаким Осоговски“, р**азбирање на духовното и културно значење на манастирите, разгледување, кратка тивка посета и цртање дел од архитектурата
Траење: 1 час
**10:30 – Спомен-костурница и тврдина, п**оврзување со историјата од Втората светска војна, посета со кратко предавање
Траење: 45 минути
**12:30 – Пробиштип – Манастир „Св. Гаврил Лесновски“, с**редновековни личности и духовно наследство, Разгледување со квиз
Траење: 1 час
**Пауза за ручек во природа (пакет или локален ресторан)**

**14:30 – Прилеп – Маркови кули, и**стражување на митологија и историја, раскажување легенди за Крал Марко
Траење: 1 час
**16:30 – Битола – Хераклеа Линкестис, у**чениците да препознаат археолошки остатоци од антички град, обиколка со водич
Траење: 45 минути
**17:30 – Поаѓање кон дома, у**чениците добиваат мала работна тетратка/лист за впечатоци, цртеж за најомилената локација

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ**

**Ученикот е должен:**
- Да ги почитува законите на Република Северна Македонија.
- Да го претставува достоинствено своето училиште, наставниците, родителите и својот град.
- Да ги слуша и почитува насоките на наставниците и придружниот персонал.
- Да се однесува учтиво, културно и со почит кон сите учесници во активноста.
- Да се грижи за сопствената и безбедноста на другите.

**Забрането е:**
- Консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанции.
- Насилно, агресивно или навредливо однесување, вклучувајќи физичко и психичко вознемирување.
- Нарушување на јавниот ред и мир.
- Нанесување материјална штета на објекти, превозни средства или природа.
- Оддалечување од групата без одобрение од одговорните наставници.

**Непочитување на Кодексот може да резултира со дисциплински мерки, вклучително и прекин на учеството во активноста и известување на родителите.**

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Излетот го организира ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга, со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, излети и другите вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**
Постапката за избор на правен субјект за изведување на екскурзиите и трошоците за објавување на огласот се на сметка на училиштето.
Излетот ќе се реализира со средства од родителите.

## ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга

**ПРОГРАМА ЗА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ**
**за учебната 2025/2026 година**

**РЕГИОН: Југозападен регион, Полошки регион, Вардарски регион, Скопски регион, Североисточен регион, Источен регион, Југоисточен регион и Пелагониски регион.**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**

- **Месец октомври / 2025**

### 1. ВОСПИТНО–ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

- почитување на културните традиции и културното наследство преку посета манастирот св. Ѓорѓи Победоносец – Рајчица, посета на Калето во Скопје, посета на црквата „Св. Спас“ и гробот на Гоце Делчев, прошетка низ Старата чаршија во Скопје и Камениот мост, посета на музејскиот комплекс „Македонска борба“, разгледување на старата градска архитектура во Кратово и Куклица, посета на Исар, на манастирот „Св. Богородица Елеуса (Водоча)“, локалитет Стоби, Могилата на непобедените во Прилеп, Широк сокак во Битола;
- почитување на знаења и искуства на возрасните со тоа што на учениците детално ќе им се објасни за историјата на Старата чаршија во Скопје, за значењето на музејскиот комплекс „Македонска борба“, за Музејот на ретки минерали во Пробиштип, Бања Кежовица и сите останати природни богатства кои се негуваат од страна на луѓето.
- воспоставување, развивање и негување на пријателство преку заеднички прошетки низ градот Скопје, Крива Паланка,  Пробиштип, Кратово, Берово, Штип, Струмица, Прилеп, Битола; ручек и вечера во ресторани во наведените градови, дружби во кафе-барови...
- љубов кон татковината преку посета на Калето во Скопје, музејскиот комплекс Македонска борба, автентичната македонска архитектура во Кратово - Куклица, Могилата на непобедените во Прилеп и локалитетот Стоби.
- утврдување на основните знаења за историските настани, појави, процеси и личности од националната историја преку посета на музејскиот комплекс Македонска борба, автентичната македонска архитектура во Кратово - Куклица,посета на Могилата на непобедените во Прилеп, посета на Стоби како важен локалитет со историско значење.
- запознавање , почитување, вреднување и заштита на културното наследство на својот народ и другите народи преку посета на манастирот св. Ѓорѓи Победоносец – Рајчица, посета на Калето во Скопје, гробот на Гоце Делчев, прошетка низ Старата чаршија во Скопје и Камениот мост, разгледување на старата градска архитектура во Кратово и Куклица, локалитет Стоби, Могилата на непобедените во Прилеп и Широк сокак во Битола;

## 2. СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ

Проширување на знаења од природните и општествените науки преку запознавање, истражување, набљудување:

- утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашата татковина преку посета на Национален парк „Маврово“, изворот на реката Вардар – Вруток, Кањон Матка,Осоговски манастир, Колешински Водопади – Струмица.
- посета на спомениците, археолошки локалитети и музеите - сведоци за историјата и за минатото преку посета на локалитет Стоби и музејскиот комплекс Македонска борба.
- набљудување и истражување на убавините на родниот крај преку прошетка во Национален парк „Маврово“, прошетка крај изворот на реката Вардар – Вруток, прошетка низ Кањонот Матка.
- запознавање со културните традиции и културното наследство на мојата татковина преку посета на Старата чаршија и Камени мост во Скопје, локалитет Стоби, музејскиот комплекс Македонска борба, посета на манастирот св. Ѓорѓи Победоносец – Рајчица, посета на Калето во Скопје и гробот на Гоце Делчев, посета на манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ – Крива Паланка.

## 3. РАКОВОДИТЕЛ:

Раководител на тридневната екскурзија е наставникот Јулија Милошеска.

**НАСТАВНИЦИ:**
Наставници кои ќе ја реализираат тридневната екскурзија се одделенските раководители во деветто одделение Јулија Милошеска и Емилија Милошеска.

**УЧЕНИЦИ:**
Тридневната екскурзија ќе се реализира со учениците од деветто одделение од училиштето „Свети Климент Охридски“, с.Драслајца.

## 4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Наставно-научната екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од IX одделение на деветгодишно основно образование, ќе се реализира во времетраење од три дена.

**СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА**

Реализацијата на предвидените цели и активности на екскурзијата ќе ја следи стручниот тим за подготовка на Програмата за наставно-научна екскурзија за учениците од IX одделение од деветгодишно основно образование:Непосредно по завршувањето на екскурзијата, најдоцна за 7 дена, стручниот тим ќе подготви извештај за оценување на

реализацијата на истата и ќе го презентира пред Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор.

5. **ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И РАЗГЛЕДУВАЊЕ:**
   - Дебар-Скопје, Крива Паланка, Пробиштип, Кратово, Берово, Штип, Струмица, Прилеп, Битола;
   - вештачките езера Глобочица и Шпиље
   - манастирот св. Ѓорѓи Победоносец – Рајчица,
   - Национален парк „Маврово“, изворот на реката Вардар – Вруток, Кањон Матка. Калето во Скопје, црквата „Св. Спас“ и гробот на Гоце Делчев, Старата чаршија во Скопје и Камениот мост, музејскиот комплекс „Македонска борба“,
   - манастирот „Св.Јоаким Осоговски“,Музејот на ретки минерали во Пробиштип,
   - Кратово и Куклица, Исар, манастирот „Св. Богородица Елеуса (Водоча)“,
   - локалитет Стоби, Могилата на непобедените во Прилеп,
   - Широк сокак во Битола;

6. **ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ: ( Прв ден:** Драслајца – Струга – преку Дебар – Скопје**; Втор ден:** Источна Македонија - Крива Паланка- „Св. Јоаким Осоговски“- Кратово - Штип; **Трет ден:** Штип- Струмица – Велес – Прилеп – Битола - с.Драслајца.)

   - **<u>Прв ден: Драслајца – Струга – преку Дебар – Скопје.</u>**

**08:00** Поаѓање од училиштето во 8 часот наутро. Драслајца− Струга – Скопје, преку Дебар – Разглед и посета на вештачките езера Глобочица и Шпиље, посета на манастирот св. Ѓорѓи
Победоносец – Рајчица , Национален парк „Маврово“, изворот на реката Вардар – Вруток, Кањон Матка.
**15:00** Скопје - ручек
**16:00** Посета на Калето, црквата Св. Спас и гробот на Гоце Делчев, Старата чаршија во Скопје, музејски комплекс Македонска борба.
**19:00** Сместување во хотел во Скопје.
**20:00** Вечера.

   - **<u>Втор ден: Источна Македонија - Крива Паланка - „Св. Јоаким Осоговски“- Кратово - Штип.</u>**

**08:00** Појадок
**09:00** Поаѓање за Крива Паланка и посета на манастирот „Св.Јоаким Осоговски“, запознавање на учениците со историјата на манастирот, слободно време за прошетка.
**13:00** ручек во Гиновци или Пробиштип.
**14:00** Кратово- Куклица, разглед на старата градска архитектура во Кратово.
**17:00** Штип - прошетка низ градот.
**19:00** Сместување во хотел во Штип.
**20:00** Вечера.

**21:00** Забава – дискотека,

**23:00** Ноќевање.

- **Трет ден: Штип- Струмица – Велес – Прилеп – Битола - с.Драслајца.**

**08:00** Појадок и заминување кон Струмица.

**10:00** Посета на Колешински Водопади – Струмица и слободно време.

**13:00** Ручек – Струмица.

**14:00** Поаѓање за Стоби.

**17:00** Попатна посета на Могилата на непобедените во Прилеп.

**18:30** Битола - прошетка низ Широк сокак.

**22:00** Планирано пристигнување во с.Драслајца пред училиштето.

## 7. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

**Ученикот е должен:**

- Да ги почитува законите на Република Северна Македонија.
- Да го претставува достоинствено своето училиште, наставниците, родителите и својот град.
- Да ги слуша и почитува насоките на наставниците и придружниот персонал.
- Да се однесува учтиво, културно и со почит кон сите учесници во активноста.
- Да се грижи за сопствената и безбедноста на другите.

**Забрането е:**

- Консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанции.
- Насилно, агресивно или навредливо однесување, вклучувајќи физичко и психичко вознемирување.
- Нарушување на јавниот ред и мир.
- Нанесување материјална штета на објекти, превозни средства или природа.
- Оддалечување од групата без одобрение од одговорните наставници.

**Непочитување на Кодексот може да резултира со дисциплински мерки, вклучително и прекин на учеството во активноста и известување на родителите.**

## 8. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:

Изборот на хотели ќе треба да ги задоволува следните стандарди:
Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на објектот. Хотелот да располага со доволен број на соби ( двокреветни и трокреветни ) за да се сместат учениците, да содржи добро организиран простор за одржување на личната хигиена, да имаат купатило со топла вода, греење ( доколку екскурзијата се реализира во грејна сезона). Хигиената во објектот, кујната, трпезаријата и другите простории во хотелот да се одржува на високо ниво. Доколку постои можност да поседуваат спортски објекти и терени во непосредната околина кои ќе придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности, утринската гимнастика, спортските натпреварувања

меѓу учениците и друго. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектот кој нуди услови и простор за тоа. Автобусите да бидат климатизирани. Храната да ги задоволува нутритивните и калориските вредности. Изборот на хотели ќе биде направен во соработка со туристичките агенции - понудувачи.

**9. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите /старателите. Наставно-научната екскурзија ќе ја реализира туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми. За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на деветтите одделенија.

**Стручен тим за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од I-IX одделение:**

1. **Мирослав Размоски – директор**
2. **Катерина Спасеска - педагог**
3. **Јованка Спасеска – одделенски раководител**
4. **Анѓелина Ристоска – одделенски раководител**
5. **Африме Анруши – одделенски раководител**
6. **Емилија Милошеска – одделенски раководител**
7. **Јулија Милошеска – одделенски раководител**
8. **Николина Мирјаноска – одделенски раководител**
9. **Златко Анѓелкоски – оддленски раководител**
10. **Мирче Лазоровски – одделенски раководител**

**Директор**

____________________________

/Мирослав Размоски/